# ОБУКА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# МОДУЛ

# ОБУКА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Јасмина Д. Рајковска, Марија Тодоровска

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ..... 5**

**МОДУЛ – ОБУКА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 6**

**СЕСИЈА I. ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 7**

КОИ СЕ ОБЛИЦИТЕ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА? ..... 10
ДЕФИНИРАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ..... 11
ЗАКОНСКА РАМКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 12
НЕКАЗНУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА ..... 14
КРИВИЧНА ПОСТАПКА ..... 15
ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА ..... 16
ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ ..... 18
ЗАШТИТА НА СТРАНСКИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 19
ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА ЖРТВИТЕ ..... 21
ЕЛЕМЕНТИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 23
КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ V.S.V ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 25

**СЕСИЈА II. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА ..... 27**

ЗОШТО Е ВАЖНА ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА НА ЖРТВАТА? ..... 29
ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 31
ПРОЦЕС НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ ..... 32
ПРОЦЕНА НА ИНДИКАТОРИ ..... 34
ИНТЕРВЈУ ..... 37

**СЕСИЈА III. ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 40**

ФИЗИЧКИ И ПСИХОЛОШКИ ПОСЛЕДИЦИ ВРЗ ЖРТВИТЕ ..... 41
СПЕЦИФИЧНОСТИ ЗА ДЕЦА ..... 41
ФИЗИЧКИ ПОСЛЕДИЦИ И ПОТРЕБИ ..... 42
ПСИХИЧКИ ПОСЛЕДИЦИ И ПОТРЕБИ ..... 43
ПОСТТРАУМАТСКИ СТРЕС (PTSD) (ОДНЕСУВАЊЕ И ПОТРЕБИ) ..... 44
ЗНАЦИ И СИМПТОМИ НА ПТСН ..... 45
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 47
БЕЗБЕДНО СМЕСТУВАЊЕ ..... 47
ИНФОРМИРАЊЕ НА ЖРТВИТЕ ..... 48
СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ..... 48
ПРОЦЕНАТА НА ПОТРЕБИТЕ ..... 49
ИНДИВИДУАЛЕН ПЛАН ЗА ТРЕТМАН ..... 49
ПРИСПОСОБУВАЊЕ И СТАБИЛИЗИРАЊЕ ..... 50
УСЛУГИ ЗА ЖРТВИ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 52
МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ..... 52
СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОМОШ И СОВЕТУВАЊЕ ..... 52
ПРАВНО СОВЕТУВАЊЕ ..... 53
ОБРАЗОВАНИЕ И ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОФЕСИОНАЛНА КВАЛИФИКАЦИЈА ..... 54
ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО/ПОВТОРНО ОБЕДИНУВАЊЕ ..... 56

**СЕСИЈА IV. РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА** ........ 57
ПОДГОТОВКА ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА ........ 60
НАСОКИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕИНТЕГРАЦИЈАТА ........ 61
ПЛАН ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА ........ 62
БЕЗБЕДНО ВРАЌАЊЕ ........ 64
ОЦЕНУВАЊЕ РИЗИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ ........ 66
РАЗВИВАЊЕ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ........ 67
**СЕСИЈА V. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ** ........ 69
НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ........ 71
НАЦИОНАЛНИОТ МЕХАНИЗАМ ЗА УПАТУВАЊЕ НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ (НМУ) ........ 72
ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ........ 72
МОБИЛНИ ТИМОВИ ........ 72
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ........ 73
ПОЛИЦИЈАТА ........ 73
НАЦИОНАЛНАТА ЕДИНИЦА ЗА СУЗБИВАЊЕ НА КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ (НЕСКМТЛ) ........ 73
ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО И СУДОТ ........ 73
УСТАНОВИ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ........ 74
ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО ........ 74
ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ ........ 74
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ........ 75
ТРУДОВИОТ ИНСПЕКТОРАТ ........ 75
НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 75
МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 75
ДРУГИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ И СОРАБОТНИЦИ ........ 75
НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ........ 76
**АНЕКС 1** ........ 77
**АНЕКС 2** ........ 79

# Листа на акроними

| | |
|---|---|
| **ДКП** | Дипломатско конзуларни претставништва |
| **ЕТЛКМ** | Единица за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти |
| **ЗЖ** | Здружение на граѓани |
| **ЗКП** | Законот за кривична постапка |
| **ИОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **ЈУМЦСР** | Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **НЕСКМТЛ** | Национална единица за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти |
| **НМУ** | Национален механизам за упатување |
| **ООН** | Организацијата на обединетите нации |
| **ОЈОГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **ПТСН** | Пострауматско стресно нарушување |
| **ПТСП** | Пострауматско стресно пореметување |
| **ПЦС** | Прифатен центар за странци |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СВР** | Сектор за внатрешни работи |
| **СОП** | Стандардни оперативни процедури |
| **ТЛ** | Трговија со луѓе |
| **ТМУ** | Транснационален механизам за упатување |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЦЖ** | Центар за лица жртви на трговија со луѓе |

# Модул – Обука за постапување со жртви на трговија со луѓе

Модулот е дизајниран да им помогне на стручните лица да го зголемат своето знаење за трговијата со луѓе, во однос на идентификација, заштита и професионален пристап до жртвите на трговија со луѓе. Модулот е организиран во V сесии каде што се разгледуваат теми како: основно познавање на трговијата со луѓе, законската рамка, процесот на идентификација и индикатори за идентификација, процесот на заштита, процена на потребите, упатствата за најдобрите практики за нега на жртвите на трговија со луѓе, ресоцијализација и реинтеграција и заемна соработка помеѓу институциите и организациите за координирана помош и поддршка.

# СЕСИЈА I.

## ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе е меѓународно признато злосторство. Во целиот свет, мажите, жените и децата се доведени во ситуации на тешка експлоатација од други лица со цел профит. Ова може да вклучува сексуална експлоатација, принудна работа, ропство или слични практики и/или присилно отстранување органи. Ваквата експлоатација се случува особено во несигурни сектори со слаби работнички права. Примери се сексуалната индустрија, градежништвото и земјоделството, но и домашната работа. Луѓето исто така тргуваат со луѓе за вршење илегални дејства како питачење, берби, трговија со дрога и сајберкриминал.

Преку принуда или злоупотреба на моќта или со користење на нивната ранливост, лицата се принудени да работат или да даваат услуги. Тие доживуваат серија прекршувања на правата, почнувајќи од ограничување на движењето до тешко насилство и злоупотреба. Трговијата не секогаш вклучува преминување на границите. Може да се појави и во една земја, односно внатрешна трговија со луѓе.
На глобално ниво вообичаено се таргетираат и се регрутираат оние што се ранливи, а степенот на ранливост, за жал, уште повеќе ќе се зголеми со пандемијата поврзана со КОВИД–19. Децата што живеат во крајна сиромаштија и мигрантите се категории лица кои ги зголемуваат можностите за регрутирање на жртвите на трговија.
Во однос на оние што се занимаваат со трговијата со луѓе, на глобално ниво организираните криминални групи тргуваат со поголем број жртви, при што користат повеќе насилство за разлика од, условно кажано, трговците од помал обем. Одредени трговци користат агенции за регрутирање, зад кои ги затскриваат своите вистински намери. Според начинот на извршување, трговијата се одликува со применување суптилни средства за регрутирање, за подоцна во времето на експлоатација да се користи насилство. Трговците се приспособуваат на технолошките промени и ги користат сите можни средства за да работат на повеќе локации истовремено користејќи интернет.
Во однос на состојбата во регионот во кој спаѓа и нашата земја, најмногу од откриените жртви се возрасни жени и во однос на профилот на жртвите состојбите не се значително сменети споредено со претходните години. Во 2018 година има мало намалување на девојчињата жртви и мало зголемување на откриените мажи жртви. Жените и де-

војчињата заедно сочинуваат околу 75 % од вкупно откриените жртви. Поголемиот број од нив и натаму се тргувани заради сексуална експлоатација, со мало зголемување на оние што се тргувани заради присилна работа. Мнозинството од откриените жртви што биле тргувани за сексуална експлоатација во овој регион и натаму се жени, при што некои земји откриваат значителен број девојчиња како жртви на оваа форма на трговија. Одредени држави откриле и жртви на трговија со цел вршење присилна криминална активност, питачење и присилни бракови. Трговијата со луѓе за питачење, како и трговијата за присилна криминална активност, се забележени во Западен Балкан. Осудените трговци по правило се возрасни мажи и најголем дел се државјани на земјата во која се гонат..

# Кои се облиците на експлоатација?

## Сексуална експлоатација

Жртви на сексуална експлоатација се најчесто жените и девојките, но не е исклучено дека жртви може да бидат и мажи и момчиња. Покрај присилната проституција, која е најчесто застапена, оваа форма на експлоатација може да вклучува користење лица за порнографски цели или експлоатација преку онлајн сексуални услуги.

## Принудна работа

Најчесто овој вид експлоатација се случува во градежната индустрија, но исто така оваа експлоатација се случува и во земјоделието, сточарството, индустријата, текстилното производство, угостителство и хотелиерство. Принудната работа вклучува работа против волјата на лицето, односно работа под услови што лицето не ги прифатило, како и работење на домашна работа (слугување). Принудната работа често се случува кога на луѓето им се кажува дека тие ќе имаат одредени работни услови, а потоа се принудени да работат под сосема различни услови за мала или за никаква плата. Ако луѓето се изложени на физичко и психичко насилство, и имаат ограничувања на нивната слобода на движење, тие се соочуваат со принудна работа.



## Принудно питачење

Принудното питачење, исто така, може да биде една од формите на трговија со луѓе. Оваа форма на експлоатација вклучува и намерно телесно осакатување и присила да се глуми одреден хендикеп за да се добијат повеќе средства од питачење. Овој вид експлоатација особено ги погодува децата и повозрасните луѓе.

## Присилни бракови

Овој облик на трговија со луѓе вклучува „склучување брак“ што го договориле родителите, роднини и други лица за малолетно лице или без согласност на лицето, преку  лажни ветувања и измами за добар живот. Бракот може да се склучи во земјата на живеење и во странство. Жртвите на овој вид експлоатација се подложни на повеќе видови експлоатација од семејствата на кои им биле продадени, особено сексуална експлоатација, питачење, вршење кражби, слугување.

### Трговија со органи

Отстранувањето делови од човечкото тело (крв, бубрези, јајце-клетки, ткива и др.) и нивно продавање против волјата на лицето или одземање на детето од мајката со цел продавање органи е исто така вид трговија со луѓе.

### Принуда за извршување кривични дела

Жртвите се експлоатираат за принудно извршување криминални активности. Вршењето криминал под принуда е вид трговија со луѓе и жртвите не треба да се осудувани за овој криминал.

## Дефинирање на трговијата со луѓе



Најзначаен документ за борба против трговијата со луѓе на меѓународно ниво е Протоколот од Палермо од 2002 година, кој претставува дополнување на Конвенцијата против транснационален организиран криминал од 2000 година на Организацијата на Обединетите нации (ООН). Според Протоколот, трговијата со луѓе содржи три основни елементи: дејството (што е направено); средствата (преку кои дејството е извршено) и целта (што е основната цел на сторителот), каде што трговијата со луѓе се дефинира како: „*регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување или примање лица, со помош на закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или на позиција на ранливост или на давање или примање на плаќања или бенефиции за да се постигне согласност на лице што има контрола на друго лице, за целите на експлоатација. Експлоатацијата вклучува, најмалку, експлоатација на проституција на други или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи*“.

На овој начин, Протоколот обезбеди заедничка дефиниција на трговијата со луѓе и ги постави меѓународните стандарди. Се потврдува дека трговијата со луѓе може да се појави во повеќе стопански гранки и дека жртва може да биде секој, а не само жените и децата, најчесто поврзувани со сексуалната експлоатација. Протоколот го зема предвид и помагањето на жртвите, со целосно почитување на човековите права. Притоа, во него се потенцира заштитата на приватноста и на идентитетот, споделувањето информации, сместувањето на жртвата, медицинската, психолошка и материјална помош за неа, како и образованието и можноста за нејзино вработување.

Конвенцијата за акција против трговија со луѓе на Советот на Европа (2005) претставува обврзувачки договор за ефикасна борба против трговијата со луѓе, со серија минимални мерки што државите потписнички се обврзуваат да ги преземат, со цел заштита на човековите права на тргуваните лица, спречување на трговијата со луѓе и гонење на трговците. Конвенцијата се однесува на сите форми на трговија со луѓе (сексуална експлоатација, трудова експлоатација и принудна работа или услуги), независно дали се случува на национално или на транснационално ниво, и ги штити сите жртви на трговија со луѓе (жени, мажи и деца).



Таа ја истакнува и потребата да им се помогне на жртвите да се реинтегрираат во општеството со обезбедување психолошка и социјална поддршка, како и безбедно сместување.

## Законска рамка во Северна Македонија

Кривичниот законик (КЗ) со измените и надополнувањата во 2002 година инкриминира посебно и сериозно кривично дело (член 418–а) „трговија со луѓе“ со целосно инкорпорирано законско битие според член 3 од Протоколот од Палермо. Во 2008 година КЗ е дополнет со ново кривично дело по (член 418–г) „трговија со малолетно лице“, а во 2014 година зборот „малолетно лице“ е заменет со зборот „дете“.

Трговија со луѓе во член 418–а (1) вклучува: тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице што има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

Трговија со мигранти член 418–б вклучува (1) илегално пренесување мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправа со таква цел, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Организирање група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти (чл. 418–в), вклучува: (1) тој што организира група, банда или друго здружение за вршење кривични дела од членовите 418–а, 418–б, 418–г и 418–д ќе се казни со затвор најмалку осум години.



Трговија со дете член 418–г вклучува: (1) тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос член 418: (1) тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право, ќе стави друг во ропски или нему сличен однос или го држи во таков однос, го купи, го продаде, му го предаде на друго лице или посредува во купувањето, продажбата или предавањето на вакво лице или поттикнува друг да му ја продаде својата слобода или слободата на лицето што го издржува или кое се грижи за него,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

## Неказнување на жртвите на трговија

Од 31.12.2018 г. се воведува начелото на неказнување на жртвите на трговија со луѓе при што во членот 418–а се воведува нов став 7, кој гласи: „Нема да се казни жртвата на трговија со луѓе која била принудена да стори кривично или друго казниво дело додека била жртва, а кое е непосредно поврзано со нејзината положба на жртва“. Начелото за неказнување на жртвите исто така се применува и за децата – жртви на трговија со луѓе, односно во членот 418–г се воведува нов став 8, кој гласи: „Нема да се казни дете – жртва на трговија со луѓе во случаите во кои законот предвидува казнување дете, кога сторителот на кривичното дело го принудил да стори кривично дело, ако таквото неговото постапување е непосредна последица на неговата положба на жртва“.



Начелото на неказнување се однесува на сторување кривични дела, но и на прекршоци. Во веќе споменатите насоки, со цел правилно применување на ова начело, наведен е список на можни кривични дела и прекршоци против јавниот ред и мир и прекршоци што можат да му се изречат на странец, кои треба да се земат предвид со цел примена на ова начело. Правилното разбирање и примена на ова начело треба да резултира со нелишување од слобода, непритворање, негонење и неказнување на жртвата, односно земање предвид на фактот што ползувањето на финансиската корист од делото на трговија ја користи трговецот, а не жртвата.

Во 2008 година Кривичниот законик беше дополнет со дефиниција за **жртва на кривично дело**. Под жртва на кривично дело се подразбира секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело, а за дете жртва се сметаат лицата под 18 години.

Терминот „жртва на трговија со луѓе" е дефиниран во Општите индикатори за првична/прелиминарна идентификација на претпоставени и потенцијални жртви и жртви на трговија со луѓе во случаи на мешани миграциски движења во Република Северна Македонија, донесени во 2016 година од Владата, односно од Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција.[1]

Правната рамка не прави разлика меѓу заштита што се пружа на различните категории жртви, односно нема разлика во однос на третманот помеѓу домашните и жртвите со странско државјанство и нема посебни одредби предвидени со законот или со Стандардните оперативни процедури (СОП) во однос на жртвите што се идентификувани во странство и биле вратени во РСМ

## Кривична постапка



Со одредбите од членот 53 од Законот за кривична постапка (ЗКП), основните права на жртвата се состојат од правото да учествува во кривичната постапка како оштетен/а со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета, право на посебна грижа и внимание од органите и субјектите што учествуваат во кривичната постапка, на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од органи, установи и организации за помош на жртви на кривични дела.
Полицијата, јавниот обвинител и судот имаат законска обврска да постапуваат со посебна грижа спрема жртвите на кривични дела, давајќи им поуки за нивните права и да се грижат за нивните интереси при донесувањето одлуки за кривично гонење против обвинетиот, односно при преземањето дејства во кривичната постапка во која жртвата мора лично да присуствува.
Ваквата обврска почнува од првиот контакт на жртвата со кривично-правниот систем, а вообичаено тоа е полицијата. Понатаму, се гарантира спроведувањето на правата на жртвите, како и извршување на законски предвидените обврски од страна на погоре наведените институции.
Имено, жртвата има право на советник на товар на буџетските средства

[1] https://bit.ly/3EdtKRU

при давањето исказ, односно изјава или поднесување имотноправно барање. Понатаму, мора да има поврзаност со субјективен услов, односно страдањето на жртвата изразено како тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело, ова право е достапно за жртвите на трговија со луѓе. Истиот услов се пропишува и за правото на жртвите на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд.
Покрај основните права на жртвите, особено е важно и е од полза што ЗКП воведува посебни права за жртвите. За првпат се прифаќаат ранливи категории жртви. Членот 54 предвидува право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката. Законот прави разлика меѓу ранливи жртви и посебно чувствителни жртви. Посебните основи за определување посебни мерки на процесна заштита се возраста, по што следува загрозеноста на личната безбедност на жртвата, како и околности и карактеристики на жртвата што може негативно да влијаат врз квалитетот на дадениот исказ. Посебните мерки на процесна заштита ги определува судот по предлог на јавниот обвинител или на жртвата или по сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви. При одлучувањето за определување посебни мерки за процесна заштита, судот мора да ја земе предвид волјата на жртвата. Судот може да определи една или повеќе истовремени посебни мерки за процесна заштита.
Дополнително, жртвите имаат право на бесплатен адвокат или застапник, исклучување на јавноста, како и испитување со користење визуелно-тонски средства, или одбегнување личен контакт со обвинетиот.

## Правда за децата[2]

Децата жртви и/или сведоци на кривични дела имаат право на засилена заштита и поддршка од сите институции и органи. Децата жртви на кривично дело уживаат посебна заштита од секундарна виктимизација и ревиктимизација, заштита од дискриминација, почитување на достоинството, стручна помош и поддршка од сите институции и организации, право на

[2] Закон за правда за децата (Службен весник на РМ бр. 148/13, и Службен весник на РСМ 152/19,275/19).

приватност, да бидат информирани на јазикот што го разбираат, на посебна заштита на личната безбедност и безбедноста на семејството, да се приклучат во постапката за кривично гонење или реализација на имотноправно барање за штета од државен фонд, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

Конкретно, децата жртви на трговија со луѓе имаат право на посебни мерки за процесна заштита. Според членот 146 од овој Закон, судот определува поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита да се регистрира исказот на детето со видео и тонски запис, кој ќе се користи како доказ во натамошната постапка. Во исклучителни случаи, ако се појават нови околности, судот може повторно да го испита детето жртва најмногу уште еднаш преку користење технички средства за комуникација.

Во однос на специјалните мерки за заштита на малолетни жртви, домашното законодавство го признава начелото „во најдобар интерес на детето“ како примарна појдовна точка во сите постапки и одлуки што се однесуваат на малолетната жртва.[3] Правната рамка предвидува законски старател, организација или институција за секое дете без придружба кое е можна жртва на трговија со луѓе.[4]
Секое малолетно лице кое е потенцијална жртва и жртвата на трговија треба да добие бесплатна правна помош од адвокат или од правен застапник и кога жртвата се согласува да соработува со правосудните органи односно пред да почне разговорот со претставниците на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) како и Единицата за трговија со луѓе и илегална миграција (ЕТЛКМ), жртвата се поучува за правото на бесплатна правна помош. [5]

[3] Ова начело е споменато во Законот за правда за децата (член 21), СОП за постапување со непридружувани деца странци од 2015 година, а дефиницијата на ова начело е содржана во СОП од 2018 година.

[4] Предвидено во СОП од 2018 година во делот за идентификација и посебниот СОП за постапување со непридружувани деца странци донесен во 2015 година.

[5] Дополнително е уредено во СОП во однос на собирање докази со поддршка на жртвата.

# Заштита на сведоци

Законот за заштита на сведоци[6] предвидува пристап до програмата за заштита на сведоци, кој се стекнува со одлука на Советот за заштита на сведоци и претходно склучена спогодба за заштита помеѓу заштитеното лице и Одделението за заштита на сведоци. Законот покрај постапката и условите за давање заштита и помош на сведоците, предвидува постапка и услови за давање и помош на блиски лица на соработниците на правдата и на жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци. Правната рамка предвидува можност за промена на идентитетот на жртвите на трговија со луѓе и чување на тајноста на идентитетот, можност за физичка заштита на жртвите на трговија со луѓе и можност за преселба на жртвата на трговија, како мерка за заштита.



[6] Службен весник на РСМ бр. 38/2005, 58/2005 и 71/2018.

# Заштита на странски жртви на трговија со луѓе

Правната рамка не ги условува можните жртви на трговија на тој начин што ќе им гарантира првобитна помош и поддршка само во замена за нивната подготвеност да ги обвинат/сведочат против сторителите/осомничените лица за кривичното дело.

На жртва на трговија со луѓе странец се овозможува период на закрепнување и рефлексија во траење до два месеца заради укажување заштита и помош во закрепнувањето и избегнување на влијанието на сторителите на кривичното дело „трговија со луѓе". Во случај кога жртвата е дете, раководејќи се по најдобрите интереси на децата, периодот од два месеца може да се продолжи. За време на периодот на закрепнување и рефлексија, странецот што е жртва на трговија со луѓе треба да донесе одлука дали ќе соработува со надлежните државни органи во откривањето на кривичните дела и гонење на нивните сторителите или ќе се врати во државата чиј државјанин е или во која има законски престој. Притоа, периодот на закрепнување и рефлексија не е условен од соработката на жртвата со надлежните државни органи.[7] За време на периодот на рефлексија, жртвата се сместува во посебна просторија во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи (МВР), а по одобрување привремен престој, во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство на Министерството за труд и социјална политика (МТСП). За време на периодот на закрепнување и рефлексија, жртвата има право на соодветно и безбедно сместување; медицинска и психолошко-социјална помош; материјална помош; превод и толкување на совети и информации за нивните законски права, како и правна помош за време на кривичната или друга постапка во која жртвата на трговија со луѓе ги остварува своите права утврдени со закон. На жртвата ќе ѝ се одобри привремен престој поради хуманитарни причини и доколку не ги исполнува условите за одобрување привремен престој, а ќе се одобри и привремен престој поради хуманитарни

[7] Закон за странци, член 121.

причини на дете странец без разлика на статусот на жртва. Во периодот на закрепнување и рефлексија, на жртвата ќе ѝ се издаде дозвола за привремен престој доколку: престојот на жртвата е неопходен заради неговата/нејзината лична состојба или неговиот/нејзиниот престој е неопходен заради соработка со надлежните државни органи за откривањето кривични дела и гонење на нивните сторителите. Привремениот престој ќе се одобри за период до шест месеци и ќе се продолжува доколку постојат услови.

Привремениот престој на жртвата ќе ѝ се одземе доколку го злоупотреби или го изгуби статусот на жртва на трговија со луѓе или претставува опасност за јавниот ред и националната безбедност на РСМ. Битно е да се напомене дека жртвата додека е во периодот на рефлексија и за време на престојот, изречно е наведено дека не може да биде протерана од РСМ, со што се гарантира и начелото на невраќање за жртвата. Истото се однесува на дете странец, без разлика дали има статус на жртва, тоа не смее да се врати во матичната држава или во друга држава која е согласна да го прифати додека во таа држава не му се обезбедат соодветни услови за прифаќање. Дете во никој случај не смее да се врати во друга држава каде што неговото враќање би било во спротивност со Конвенцијата за правата на децата, Конвенцијата за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување или Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи.

Предвидени се две одредби што упатуваат на постапувањето со жртвите на трговија[8], односно според правилникот полицискиот службеник на граничен премин треба со особена грижа да постапува кон лица што се потенцијални жртви на трговија со луѓе, непридружувани малолетници и други ранливи лица според законот, применувајќи законски прописи што се однесуваат на заштита на правата на овие лица. Исто така, со овој правилник се предвидува дека во случај на регулирање привремен престој поради хуманитарни причини на странец за кој постојат основи на сомневање дека е жртва на кривично дело „трговија со луѓе", барањето за одобрување привремен престој се поднесува од овластеното службено лице од надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи.

[8] Правилник за странци (Службен весник на РСМ бр. 190/2019)

# Помош и поддршка за жртвите

Законот за семејство[9] регулира одговорност на родителите кон децата, одредува минимална возраст за брак и овозможува заштита на децата жртви на ТЛ во глава V-а „Старателство над малолетни лица жртви на трговија со луѓе". Во нив се предвидуваат мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и поставување старател. Законот за заштита на деца[10] ги штити децата од сите видови експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со одредби што директно се однесуваат на нивната заштита.

Законот за социјална заштита[11] предвидува услуги за време на привремен престој, обезбедува заштита и стручна помош на лица што се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција (член 83).

Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[12] ги уредува прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица и други лица што бараат работа; Законот за вработување и работа на странци[13] уредува услови и постапки под кои странци можат да се вработуваат или да работат во РСМ, освен ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е утврдено.



9 Закон за семејство (Службен весник на РСМ бр.  80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38 / 14,115 / 14 и 104 / 15 и 150/2015).

10 Закон за заштита на деца https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicidetska/2020/29.6-%D0%94%D0%97.pdf (консолидиран текст јуни 2020)

11 Закон за социјална заштита  Службен весник на РСМ бр. 104 од 23.5.2019г.

12 Службен весник на РСМ бр. 153 од 6 декември 2012 г.

13 Службен весник на Република Северна Македонија бр. 217/2015).

Во 2008 година Владата на Република Северна Македонија донесе, а во 2010-та, односно во 2018 година ги ревидираше **Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе** (во понатамошниот текст: СОП), со кои се овозможува помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе преку сеопфатен приод заснован врз човековите права на жртвите. СОП имаат за цел да овозможат координирано постапување и партнерство на сите засегнати институции и организации во борбата против трговијата со луѓе на локално, национално и меѓународно ниво. Документот дава насоки за постапките и за мерките што треба да се преземат, со цел идентификација и упатување на жртвите на трговија со луѓе; координирана помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе; ресоцијализација и реинтеграција; враќање на жртвата и кривичната постапка. Според СОП, постапката за идентификација на жртвите е итна и бара брза реакција за утврдување на идентитетот на жртвата, процена на ризикот и обезбедување информации на жртвата на јазик што го разбира. По идентификацијата, надлежните институции и организации се должни да се фокусираат на помош и поддршка на жртвата преку препознавање на специфичните потреби на жртвата и подготовка на индивидуален план за помош со чие спроведување ќе се согласи и жртвата. СОП, покрај законите што се однесуваат на учеството на жртвата во кривичната постапка, детално ги опишува интервенциите што треба да се преземат за помош и поддршка на жртвата за времетраењето на кривичната постапка.

# Елементи на трговија со луѓе

За да се разбере трговијата со луѓе, потребно е да се знаат овие три елементи:

| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ | | |
|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ** | **СРЕДСТВА** | **ЦЕЛ** |
| Регрутирање<br>Врбување<br>Транспорт<br>Пренесување<br>Засолнување<br>Прифаќање лица | Закана или употреба на сила<br>Принуда<br>Киднапирање<br>Измама<br>Лажење<br>Злоупотреба на моќ или ранливост<br>Давање плаќања или поволности | Експлоатација, вклучително:<br>• Проституција на други лица<br>• Сексуална експлоатација<br>• Принудна работа<br>• Ропство или слично практики<br>• Отстранување на органи<br>• Други видови на експлоатација |

Чинот означува конкретни **активности** што ги презема одредено лице, сторител на кривичното дело трговија со луѓе. Овие активности најчесто се: врбување, транспорт, пренесување засолнување, прифаќање на лицето, продажба, купување.

**Средствата** покажуваат како едно лице станува жртва на трговија со луѓе, како се потчинува, односно како над него се воспоставува и се одржува контрола. Најчесто тоа се прави со помош на закана или употреба на сила или со други форми на присилба, грабнување, измама, доведување во заблуда, злоупотреба на моќта на сторителот или на состојбата на жртвата или преку давање или примање пари или друга корист за да се добие согласност од лицето што има контрола на друго лице.

**Целта за експлоатација** на друго лице заради стекнување сопствена добивка е неопходен елемент на трговијата со луѓе. Целта за експлоатација вклучува, како минимум, експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или ропство или однос сличен на ропство, слугување или отстранување органи. Овде е важно е да се запамети дека суштински елемент на трговијата со луѓе е намерата одредено лице да се експлоатира. Затоа, трговијата со луѓе се дефинира како злосторство со посебна намера, па оттаму не е ни потребно да се изврши самиот чин на експлоатација за да може активноста да биде карактеризирана како трговија со луѓе.

Во случај[14] на дете елементот „средства“ не е потребен. Потребно е да се покаже само „чинот“ како што е регрутирање, купување и продавање и дека оваа активност била со специфична цел на експлоатација. Со други зборови, трговија со деца ќе постои доколку детето било подложено на некаков чин, како што е регрутирање или транспорт, чија цел е експлоатација на тоа дете.



[14] https://www.ohchr.org/Documents/Publications/FS36_en.pdf

# Криумчарење мигранти v.s.v трговија со луѓе

Криумчарењето со луѓе се разликува од трговијата првенствено во фактот што кај криумчарењето обично не постои елементот на принуда, измама, ниту, пак, последователна експлоатација, односно не постои елемент што ја ограничува слободната волја на криумчареното лице.[15] Односот на криумчарот и луѓето што тој ги криумчари најчесто се прекинува по преминувањето на границата, односно криумчареното лице може без какви било последици во секое време да го прекине односот со криумчарот, додека лицето што е жртва на трговија со луѓе не може да го прекине тој однос без значителни последици.

Понатаму, кај криумчарењето нема или многу ретко се среќава систематско физичко, психичко и сексуално казнување. За криумчарењето е карактеристично тоа што секогаш доаѓа при нелегално преминување на границата. Во оваа смисла, ова кривично дело се смета за кривично дело против државата, а не против поединецот.



| РАЗЛИКИ | ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ | КРИУМЧАРЕЊЕ |
|---|---|---|
| Цел/како се заработува | Постои континуирана експлоатација на жртвата и по пристигнувањето на крајната дестинација. | Еднократна финансиска добивка со наплаќање одредена сума пари за илегално префрлање лица преку граница. |
| Прашањето на согласност (договор) | Не постои согласност или согласноста е изнудена под присила, измама или принуда. | Постои согласност и договор помеѓу мигрантот и криумчарот околу деталите за патот, рутата и цената на чинење на услугата. |

15 International Organization for Migration (IOM). (2007). THE IOM HANDBOOK ON Direct Assistance for Victims of Trafficking, Geneva. http://www.iom.int/jahia/webdav/site/myjahiasite/shared/shared/mainsite/published_docs/books/CT%20handbook.pdf

| | | |
|---|---|---|
| Движење | Во рамките на матичната земја или преку граница. | Секогаш преку граница (илегално или легални гранични премини со користење фалсификувани или украдени патни исправи) |
| Елементи на контрола | - Должничка врска<br>- Лишување од слобода<br>- Закани<br>- Насилство | Клиентите ретко се контролирани. |
| Врска<br>–Трговец со луѓе –жртва<br>-Криумчар - Клиент | Трговец со луѓе – жртва<br>Врската продолжува и во земјата на крајна дестинација. | Криумчар – клиент<br>Врската прекинува по преминувањето на границата на земјата дестинација. |

Сепак, криумчарењето може да биде вовед во трговијата со луѓе и да прерасне во трговија ако врската меѓу мигрантите и криумчарите не се прекине туку ќе се претвори во експлоататорски однос, во кој криумчарот ќе го контролира мигрантот. Исто така, луѓето што се криумчарени во друга земја се изложени на ризик да станат жртви на трговија со луѓе[16] .



[16] Inter-Parliamentary Union (IPU) & United Nations Office of Drugs and Crime (UNОДС). (2009). Combating trafficking in persons: A handbook for parliamentarians. Vienna, Austria.: http://www.ipu.org/pdf/publications/traffickingp-e.pdf

# СЕСИЈА II.

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА

Постапката за идентификација е утврдена со Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе[17]. Согласно СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе, идентификацијата на жртви е процес со кој преку повеќе индикатори и интервју се добиваат информации врз чија основа се врши процена дали одредено лице е жртва на трговија. Овој процес е итен и опфаќа повеќе потпостапки.

Постојат одделни постапки за идентификацијата на непридружувани деца странци и на ранливи категории лица странци предвидена со СОП за постапување со непридружувани деца странци[18] од ноември 2015 година, односно СОП за постапување со ранливи категории лица странци[19] од јули 2016 година. Исто така постојат и списоци на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе[20] како и индикатори за првична/прелиминарна идентификација на претпоставени и потенцијални жртви на трговија со луѓе во случаи на мешани миграциски движења.



17 http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/MK-SOP.pdf. Овие процедури во текот на 2018 година се ревидирани и во втората половина на годината се донесени од Владата на РМ на седница бр. 102 под точка 31.

18 http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-nepridruzuvani-deca-stranci.pdf

19 http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-ranlivi-kategorii-lica-stranci.pdf

20 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Indikatori_trgovija.pdf

# Зошто е важна идентификацијата на жртвата?

Идентификацијата на жртвите ги опфаќа сите чекори што се преземаат за да се процени дали некое лице или група лица се жртви на трговија со луѓе односно не се само нерегуларни мигранти, криумчарени мигранти или лица вклучени во други случаи.

Од друга страна, нерегуларните миграции што се одвиваат по опасни рути, низ многу земји со различни политики во однос на мешаните миграциски движења, ги прават луѓето што мигрираат исклучително ранливи на трговија со луѓе и експлоатација.

Правилната идентификација е клучна за брзо обезбедување грижа за жртвите, кои  честопати се соочуваат со сериозни здравствени проблеми (физички или психолошки или последици врз сексуални и репродуктивни органи), правни проблеми и прашања за безбедност.

Идентификација е многу важна, бидејќи многу жртви претрпеле ревиктимизација поради тоа што се третирани како криминалци или нерегуларни мигранти, а не како жртви на сериозно кривично дело.

Одговорните институции и тела врз основа на нивните редовни улоги и одговорности за спроведување на законот доаѓаат во контакт и со тргувани лица. Затоа, од клучно значење е стручните лица од првата линија да бидат опремени со способност и вештини за навремено идентификување, упатување, заштита и помош на жртвите на трговија со луѓе.

Идентификацијата на жртвата е особено важна поради следново:

- Спасување на жртвите од синџирот
- Добивање навремена заштита и помош
- Враќање на правата на жртвите

- Спречување на процесот на трговија со луѓе и превенција на експлоатација на поединци и

- Гонење на сторителите.

Процесот на идентификување на тргуваните лица е комплексен, односно како и сите криминални активности, трговците со луѓе прават огромни напори за да се осигурат дека нивните активности нема да се откриени и жртвите ќе останат потчинети. За жал, жртвите на трговија со луѓе ретко се идентификуваат поради природата на самото искуството на трговија со луѓе и експлоатација.

# Предизвици во идентификација на жртва на трговија со луѓе

За разлика од другите злосторства, жртвите на ТЛ ретко се идентификуваат самите како жртви и речиси никогаш не го пријавуваат случајот до одговорните институции. Недостатокот на известување се должи на повеќе фактори, вклучувајќи ги следниве:

- Страв од трговците со луѓе, или поради употреба на сила или закана за насилство врз жртвата или врз семејството или блиските.
- За да преживеат, жртвите прифаќаат различни негативни техники за справување, како бришење на сеќавањата од умот, преземање улоги за возрасни во случаи на деца, избегнување на зборување за искуството или имитирање на однесувањето на насилникот.
- Може да страдаат од Стокхолмскиот синдром21, при што со текот на времето, тие развиле погрешна приврзаност/врска со трговецот со луѓе.
- Може да страдаат од посттрауматски стрес и губење на меморијата – многу честа последица од трговијата со луѓе особено во случаи кога жртвата преживеала сериозно страдање од рацете на трговците со луѓе, и тоа силување, тепање, злоупотреба и друго.
- Јазична бариера и недостаток на доверба во институциите.
- Недостаток на документација, страв од затвор или од депортација.



[21] Стокхолмскиот синдром е описен термин за модел на справување со трауматска ситуација наместо дијагностичка категорија. Повеќето психијатри би ги користеле дијагностичките критериуми за акутно стресно растројство или посттрауматско стресно растројство кога проценуваат лице со Стокхолмски синдром. Stockholm Syndrome. (n.d.). The Free Dictionary. Retrieved from http://medical-dictionary.thefreedictionary.com/Stockholm+syndrome.

# Процес на идентификација на жртвите

Целокупниот процес на идентификација на жртвите се заснова на обид да се поврзат карактеристиките на жртвите со клучните елементи во дефиницијата за трговија со луѓе. Процесот на идентификување жртви на трговија со луѓе е двоен процес:

- Набљудување и процена на индикатори за трговија со луѓе; и
- Спроведување интервју за скрининг.

Иако трговците со луѓе се обидуваат да ги скријат своите злосторства, одговорните можат да откријат потенцијални жртви или жртви на трговија со луѓе за време на различните фази од процесот на трговија со луѓе, со тоа што ќе ги набљудуваат заедничките показатели-индикатори поврзани со трговијата со луѓе.



Според стандардните оперативни процедури во РСМ, идентификацијата претставува итен процес, во кој преку прибирање информации и низа индикатори се утврдува дали одредено лице е жртва на трговија со луѓе. По првичниот контакт со лицето и утврдување на околности што упатуваат на оправдано сомневање дека лицето е потенцијална жртва на трг

> Надлежни органи за прво упатување се Националниот механизам за упатување, Центарот за социјални работи, Министерството за труд и социјална политика и Единицата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти, како и Националната единица за сузбивање криумчарење со мигранти и трговија со луѓе.

Надлежниот орган го утврдува идентитетот на потенцијалната жртва, прибира информации од жртвата и ги утврдува нејзините итни потреби. Врз основа на прибраните податоци и со користење индикатори, се врши рана процена на ризикот. Конечно, заради утврдување на сите факти и околности од значење на постапката, со потенцијалната

жртва се спроведува интервју за утврдување на статусот на жртва на трговија со луѓе. Доколку жртвата има потреба од преведувач, интервјуто се спроведува на јазик разбирлив за неа.

Доколку се утврди статус на жртва на трговија со луѓе, следува период на рефлексија и закрепнување, во кој жртвата престојува во Центар за жртви на трговија со луѓе или во Прифатниот центар за странци. За секоја жртва се назначува одговорно лице односно полициски службеник од Единицата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти при Министерството за внатрешни работи, односно од Националната единица за сузбивање криумчарење со мигранти и трговија со луѓе, кој е одговорен за жртвата на трговија со луѓе, сè до завршување на периодот на рефлексија и закрепнување, односно до напуштање на Центарот за жртви или Прифатниот центар за странци.

# Процена на индикатори

Индикатори за идентификација на жртви/деца жртви на трговија со луѓе се помошна алатка во квалитетна и навремена идентификација на жртвите, со која се овозможува побрзо и навремено идентификување жртви на трговија со луѓе и деца жртви. Поделбата на директни и индиректни индикатори одредува кој задолжен кои индикатори ќе ги практикува. Воедно, дадени се и специфичните индикатори за различните облици на идентификација и посебни индикатори за деца.

Следните општи индикатори помагаат да се идентификува лице кое е или би можело да биде жртва на ТЛ.

- **Возраст на жртвата:** Во зависност од целта и експлоатацијата на трговија со луѓе, возраста на жртвата е важна. Најчесто младите жени и девојчиња се предмет на сексуалната експлоатација поради барањата на клиентите. Во случаи на трудова експлоатација, побарувачката е за млади и силни лица што се продуктивни и можат да ги издржат предизвиците на тешка работа. За питачење и продажба на улица, постарите, лицата со попреченост и малите деца што предизвикуваат сочувство кај минувачите и затоа се попрофитабилна и попогодна цел за трговците со луѓе. Децата, а посебно непридружувани деца странци, се особено ранливи на трговија со луѓе, бидејќи од нив е полесно да се добие согласност, а и се поподложни на заплашување. Тие може да се експлоатираат на различни начини: во сексуалната индустрија, детска порнографија, присилно посвојување, питачење, вршење кражби, како домашни „робови“ и трговија со органи.

- **Пол на жртвата**: Поради вкоренетите родови нееднаквости, положбата во општеството и негативните норми и ставови, жените и девојките се поранливи на трговија со луѓе, со цел сексуална експлоатација, домашно слугување, принудни бракови итн. Додека, од друга страна, момчињата и мажите се поранливи да бидат насилно регрутирани во вршење кривични дела, за одредени форми на трудова експлоатација, вооружени конфликти итн.

- **Злоупотреба:** Видливи знаци на физичка злоупотреба врз лице може да бидат показател за трговија со луѓе, какви што се физичка повреда, скршеница, модринки, инфекции, темни очи, одредени тетоважи на телото на жртвата, искината и оскудна облека. Меѓутоа, не треба да се претпоставува дека некое лице не било тргувано ако нема знаци на повреди или физичка злоупотреба.

- **Земјата на потекло:** Трговците со луѓе ги земаат предвид ранливостите на луѓето, надежите и соништата за подобар живот од нивните тековни тешкотии карактеристични за земјата на потекло (какви што се сиромаштија, конфликти, хуманитарна криза, полова дискриминација, недостаток на можности и економско подобрување).

- **Документација:** Често, жртвите на трговија со луѓе користат идентитет или патна исправа на друго лице. Недостатокот на патни документи и лажни лични карти се силни показатели за трговија со луѓе.

- **Превоз:** Начинот на кој се превезува лице може да укаже на трговија со луѓе; на пример, ако децата се превезуваат од лице што не е член на семејството или ако младите девојчиња се регрутирани и се транспортираат за вработување во друг град или во друга држава. Ова треба да предизвика дополнителни прашања за да се елиминира потенцијалната трговија со луѓе.

***Индикатори поврзани со однесувањето на потенцијална или претпоставена жртва на ТЛ при контакт со службените лица:***

- лицето се плаши да зборува,
- има недоверба кон органите на власта и одбива да соработува,
- лицето е инструирано како да зборува,
- дава спротивставени, нецелосни и невистинити информации,
- се обидува да избега,

- лицето стои настрана и се издвојува од групата, што укажува дека природно не ѝ припаѓа на таа група,
- смета дека е набљудувано и следено,
- дозволува други да зборуваат во нејзино/негово име,
- манифестира страв и вознемиреност,
- реагира со гнев, избувливост и агресивност,
- лицето има забележителни осцилации во однесувањето,
- покажува девијантно однесување,
- присутни се дезориентација, конфузија, фобии или напади на паника,
- лицето се плаши да не се открие неговиот статус,
- лицето покажува знаци на злоупотреба на дрога и алкохол.

# Интервју

Треба да се земе предвид дека жртвите на трговија со луѓе се трауматизирани и многу исплашени од трговците со луѓе. При првиот контакт тие немаат доверба во никого, бидејќи нивната доверба веќе била злоупотребена од трговците.

При првиот контакт жртвите може да бидат:

- непријателски настроени
- гневни
- исплашени
- недоверливи
- неволни за соработка
- неволни да ја кажат вистината



Како да постапувате со претпоставената или потенцијална жртва

- Пружете ѝ чувство на сигурност и охрабрете ја претпоставената жртва;
- Обезбедете итна медицинска помош доколку претпоставената жртва го бара тоа;
- Погрижете се дека на жртвата ѝ се обезбедени основните потреби (храна, вода, облека, хигиенски средства);
- Не навлегувајте во детали при интервјуирање/разговорот со потенцијалната или претпоставената жртва. Тоа треба да биде направено од стручни лица;

- Во координација со Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ), здружение на граѓани, Единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, обезбедете преведувач и социјален работник или старател доколку е потребно.

Се препорачува користење на следниве насоки кога се интервјуираат деца[22]

- Деца – потенцијални жртви треба да испрашува само персонал обучен за специјалните потреби и права на децата. Кога и да е можно и соодветно, децата треба да ги испрашува персонал од ист пол.
- Создајте простор што е соодветен на возраста, ако сте во можност, вклучете играчки, книги или игри.
- Воспоставете блискост преку неврзан разговор, или правејќи работи што не се поврзани со искуството од трговија со луѓе (дискутирајте за работи што им се својствени на децата, играјте игри).
- Одржувајте едноставна и неформална атмосфера (не создавајте атмосфера на испрашување и не правете притисок за давање одговори). Едноставно седнете на под со детето додека тоа игра, контактирајте со него на висина на неговиот поглед.
- Користете соодветен јазик близок до децата (одберете изрази што ги користат децата).
- Објаснете ги работите на начин на кој децата лесно ќе ги разберат (земете предвид користење визуелни помошни средства). Прашањата приспособете ги на возраста и на менталниот капацитет на детето.

[22] Прирачник на ИОМ за директна помош на жртви од трговија со луѓе: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/prirachnik_za_direktna_pomosh_na_zhrtvite_na_trgovija_so_lugje.pdf

- Започнете со отворени прашања овозможувајќи му на детето да даде свое сопствено значење. Избегнувајте прашања што наведуваат кон некаков одговор. На пример, „Дали лицето те злоупотреби?“ и користете поотворени прашања, како, на пример, „Што ти направи тоа лице?“.

- Не настојувајте и не вршете притисок за да добиете детали кога постојат знаци дека детето ви кажало сè што знае. Имајте предвид дека детето може да прескокне некоја информација, или да даде одговор што смета дека лицето што му врши интервју го очекува.

- Интервјуата, ако е можно, треба да се вршат во присуство на родителот. Ако тоа не е можно, треба да биде присутен законски старател како, на пример, обучен психолог или социјален работник.

Завршете го интервјуто на начин што ќе го увери детето дека завршило добра работа и дека лицето што му вршело интервју повторно ќе биде тука ако детето има потреба повторно да зборува.

# СЕСИЈА III.

# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## Физички и психолошки последици врз жртвите

Жртвите на трговија со луѓе најчесто доживуваат тешка физичка и психолошка траума како резултат на насилство, силување, закани, зависност и други средства што трговците ги користат за да ги контролираат своите жртви.

„Траума“ значи рана. И во медицината и во психологијата, се однесува на големи физички или ментални повреди, вклучувајќи закани по живот или по физичкиот интегритет.

Процесот на закрепнување кај сите жртви е бавен и на него можат да влијаат многу фактори, како персонални – физичко и ментално здравје на личноста, позитивни верувања, така и материјалната состојба и социјалната поддршка. Социјалната поддршка е од клучна важност за закрепнувањето и за надминување на кризната состојба и трауматското искуство, а се однесува на структурата, квалитетот и функцијата на социјалната околина на која ѝ припаѓа. Закрепнувањето во голем степен зависи од средината, семејството, блиски пријатели и лица што им даваат поддршка. Кога се зборува за закрепнување на жртвата, се зборува за широк процес што подразбира закрепнување на виталните вредности, поддршка околу воспоставување и јакнење на социјалните односи, кои ја имаат за цел поддршката, вклучување во образовниот систем, вработување и воопшто сè што може да придонесе за економско јакнење, како и поддршка во текот на судскиот процес.

Жртвата е човечко битие, кое не е дефинирано исклучиво како жртва и не треба да се осудува и да се потценува.

## Специфичности за деца

Со оглед на тоа што подоцнежниот развој на детето во значајна мера е детерминиран од раните развојни постигнувања, насилството врз детето во раниот детски развој нема само моментални последици врз неговото функционирање, туку влијае и врз неговиот подоцнежен психосоцијален развој. Факт е дека на децата жртви на насилство или на кривични дела им се потребни посебна заштита, асистенција и поддршка што одговара на нивната

возраст, зрелост и индивидуалните посебни потреби. За надминување на состојбите потребно е примена на соодветни, развојно специфични интервенции, закрепнување што ќе обезбеди услови за натамошен безбеден правилен раст и развој на детето.

## Физички последици и потреби

Физичката злоупотреба на жртвата е дефинирана како намерна употреба на физичка сила против неа, која предизвикува повреда, или пак постои веројатност да му наштети на нејзиното здравје, опстанок, развој или дигнитет. Како резултат на насилството, жртвите се повредени и страдаат од низа физички, сексуални, репродуктивни и психолошки здравствени проблеми.

Многу често жртвите на трговија со луѓе се сексуално злоупотребени. Сексуалната злоупотреба претставува вклучување во сексуална активност без согласност на лицето, или несвесност за целосно нејзино разбирање.



Злоупотребата на деца ги опфаќа сите облици на физичка или емоционална злоупотреба, сексуална злоупотреба, занемарување или немарно постапување, како и комерцијална или друг вид експлоатација, што доведува до смрт, вистинско или потенцијално повредување и нарушување на детското здравје, загрозување на животот, развојот или достоинството во рамките на односот што вклучува одговорност, доверба и моќ.

Физичките последици по здравјето на жртвата можат да бидат механички, физички, функционално нарушување на здравјето.

За секоја жртва е потребно доверливо психо-социјално советување или друг вид психолошка помош во зависност од потребите и повредата што жртвата ја претрпела, соодветна здравствена заштита (примарна здравствена заштита, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита); правилен раст и развој кај децата, физичка и психичка благосостојба; редовна имунизација и редовни систематски прегледи; стоматолошка заштита; и советување за сексуалноста и злоупотребата на супстанции соодветни за возраста.

## Психички последици и потреби

Траумата е често резултат на голема количина стрес, што ја надминува способноста на луѓето да се справат или да ги интегрираат емоциите вклучени во тоа искуство. Психичките последици се големи кај жртвите на трговија со луѓе. Тие вклучуваат:

- напнатост, немир, чувство на слабост,
- чувство на страв, срам, вина, самозанемарување,
- губење на самодовербата, несигурност,
- чувство на беспомошност и безнадежност, депресивност, анксиозност, напади на паника,
- самоубиствени идеи,
- нарушување во спиењето и во исхраната,
- недостиг на толеранција и стрпливост,
- злоупотреба на алкохол, цигари, дрога, зависност од лекови,
- деструктивно однесување кон другите и самодеструктивно однесување.
- Исто така се забележуваат чести промени во расположението (агресивно или повлечено однесување), мокрење во кревет, главоболки, болки по целото тело посебно во пределот на гениталиите или аналната област, лоша хигиена и самозанемарување.
- Социјална изолација како недостаток на љубов и емоционална поддршка, недостаток на врска и др.

За надминување на овие состојби, може да се дејствува со психо-социјална помош за намалување на стресот, стравот, посттрауматските стресни растројства, зајакнување на самодовербата и создавање вештини за самоодржливост, доверба во луѓето и во институциите. Советување што се спроведува во текот на целиот психолошки третман до целосното закрепнување на жртвата. Психотерапија– за надминување на емоционалните проблеми и нарушувања на личноста, зајакнување на отпорот и спречување на можноста повторно да стане жртва.

Психолошките карактеристики на жртвата на трговија со луѓе се изразуваат како психолошко оштетување на личноста и реакциите на ситуацијата во која се нашле, кои зависат од стресните и од трауматските доживувања во детството и во периодот на жртва. Профилот на жртва може да се опише

генерално како нарушен интегритет на личноста и изгубен идентитет – не знаат „кои се, ни што се, ни што очекуваат од иднината“. Го преживуваат минатото, ја осудуваат сегашноста, не веруваат во иднината.

## Посттрауматски стрес (PTSD) (однесување и потреби)

Посттрауматскиот стрес е последица на психолошка изложеност на стресни доживувања, кои вклучуваат смртна опасност, сериозни физички повреди или закана по физичкиот интегритет на личноста, кои личноста ги доживува крајно трауматски. ПТСН е нарушување што може да се развие кај луѓето откако ќе доживеат траума. Жртвите на трговија со луѓе често ги имаат симптомите на посттрауматскиот синдром, а особено се присутни таканаречените „флешбекови“ – брзи, сетилни искуства, кои често вклучуваат визуелни, аудитивни, факторни и тактилни сеќавања на чинот на насилството, како да се случуваат во сегашноста, а не како тие сеќавања да се дел од минатото.



Симптомите на ПТСН се одговор на телото предизвикани од стрес. На развојот на психотрауматскиот стрес можат да влијаат многубројни психолошки, генетски, физички и социјални фактори. Постоењето на веќе преживеаните психички трауми, во животот на една личност може да предизвика зголемен ризик за појава на посттрауматски стрес по преживувањето стресна ситуација.

Посттрауматските стресни нарушувања се однесуваат пред сè на: честото преживување на случувањата преку кошмари и присилни мисли, избегнување дразби што потсетуваат на трауми и проблеми со спиењето, лоша концентрација, анксиозност, самоубиствени мисли и депресија.

## Знаци и симптоми на ПТСН

Знаците и симптомите на ПТСН се појавите што се манифестираат во организмот на трауматизираната личност предизвикани од различна комбинација на физички и психолошки фактори, но најзастапени се следниве:

| Причинители | Знаци и симптоми |
|---|---|
| Повторно преживување на случувањето | Вознемирување и повторување на тешките моменти<br>Ненадејно чувство како трауматското случување повторно да се случува (*flash back*).<br>Повторување на мачни соништа поврзани со случувањето |
| Зголемена психичка осетливост и изразена вознемиреност | Тешкотии со заспивање и мирен сон<br>Раздразливост или напади на бес и лутина<br>Отежната способност за одржување концентрација<br>Реакција на претерана уплашеност<br>Исчекување нови непријатности |
| Избегнување ситуации и околности што потсетуваат или се поврзани со трауматското случување | Обидување да се побегне од мислите и чувствата поврзани со траумата<br>Неможност да се сети на некој важен дел од траумата<br>Чувство дека нема за нив иднина (на пример, личноста не очекува дека може да има своја кариера, брак, деца или друг живот)<br>Намален интерес за животно значајните активности<br>Чувство на одвоеност или отуѓеност од другите<br>Емоционална отапеност (на пример, неспособност за чувство на љубов)<br>Обид да се избегнат активности или ситуации што потсетуваат на траумата |

За надминување на посттрауматското стрес може да се применат специфични видови на траума-фокусирана психотерапија, психијатриско лекување и соодветна медикаментозна терапија, индивидуална и групна поддршка и советување, психо-едукативни програми за помош и поддршка. Некои од проблемите можат да се третираат со помош на групна терапија, но кај поголем број жртви (особено жртвите со длабоки психички проблеми), неопходен е индивидуален пристап и индивидуална терапија.

# Обезбедување помош и поддршка на жртвите од трговија со луѓе

**Сите потенцијални и идентификувани жртви на трговија со луѓе што ќе се затекнат на територијата на Република Северна Македонија треба да добијат помош и поддршка.**

Помош и поддршка на жртвите од трговија се одвива според Стандардните оперативни процедури, кои го покриваат секој сегмент од процесот од моментот на идентификација, па сѐ до враќање и ресоцијализација.

# Безбедно сместување

Со самото откривање на жртвата и отпочнување на процесот на идентификација, започнува и помошта и поддршката.  Пред сѐ, жртвата се сместува на сигурно каде што ќе се чувствува безбедно и заштитено. Веднаш ѝ се задоволуваат основните потреби какви што се храна, облека, средства за лична хигиена. Се прави процена на здравствената состојба и се пружа медицинска помош.

Во РСМ постојат два центри за сместување жртви од трговија со луѓе. Во зависност од потеклото на жртвите, тие може да бидат упатени за сместување во центарот за жртви од трговија со луѓе наменет за македонски државјани и за странци со регулиран престој или во Прифатен центар за странци доколку жртвите се странски државјани и немаат регулиран престој.

# Информирање на жртвите

По сместувањето и задоволувањето на основните потреби, следува информирање и ориентација на жртвите. Се споделуваат информации што ќе им појаснат на жртвите каде се наоѓаат, какви сервиси и програми им се на располагање, кои се нивните права и кои се нивните обврски. Информациите се споделуваат на јазик разбирлив за жртвата.

Дополнително, жртвите што се странски државјани се информираат за законските одредби што го регулираат: правото на привремен престој, процедурите за враќање во земјата на потекло, обезбедување документи и контактирање со конзуларните канцеларии на матичната земја во РСМ.

Сите информации се пренесуваат усно, но исто така и во пишана форма преку флаери и друг информативен материјал напишан на јазикот кој е разбирлив за жртвата.



Откако жртвата ќе биде информирана, таа дава информирана согласност за прифаќање на програмата за помош и поддршка.

# Согласност за прифаќање на програмата за помош и поддршка

**Жртвата треба да даде СОГЛАСНОСТ за спроведување на помошта, дека ја прифаќа понудата за помош, условите и дадените рокови, кои претходно ѝ се објаснети на јазик што го разбира и жртвата. Доколку станува збор за дете жртва, согласноста ја дава родителот или старателот. Согласноста треба да се даде во пишана форма.**

## Процената на потребите

Индивидуалните потреби на жртвата се идентификуваат преку индивидуален разговор помеѓу водителот на случајот и жртвата (и доколку станува збор за дете и старателот). Се земаат предвид здравствената односно физичката и менталната состојба на жртвата.

По самото сместување на лицето, се прави процена на специфичните/индивидуалните потреби и процена на општиот ризик на кој е изложено лицето: потреба од соодветно домување, здравствена заштита, образование и правна помош. Се прави и процена за независно функционирање (психичко, сознајно, емоционално и функционално однесување), процена на неформална поддршка од социјалната мрежа (семејство, роднини, пријатели), како и на системите што можат да дадат услуги. (Анекс 1).

**КАКО СЕ РАЗГОВАРА СО ДЕТЕ ПРИ ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ**

При процена на потребите на дете жртва, мора да присуствува родител или старател на детето, водителот на случај и стручно лице од центарот и по потреба преведувач. Разговорот се води на ниво што е разбирливо за детето. Се појаснуваат поимите, се парафразира, а сè со цел да се потврди дека детето ја разбрало содржината на разговорот како и состојбата во која се наоѓа. Не се користат стручни термини и во зависност од возраста и интелектуалната способност на детето можат да се користат различни техники за објаснување на ситуацијата.



## Индивидуален план за третман

Индивидуалниот план за третман се изготвува врз направената процена на потребите на жртвата. Планот се изработува во соработка и со учество на самата жртва (и родител/старател ако станува збор за дете), задолжително се вклучува и лице од Центарот за социјална работа како и стручно лице од центарот за жртви.  Планот мора да биде конкретен и јасен и да ги вклучува сите идентификувани индивиду-

ални потреби на жртвата. Во него детално се опишуваат чекорите за грижа за жртвата во рамките на центарот, но и надвор од него. Се нотираат обврските на стручниот тим како и обврските на жртвата.

Во планот нужно се вклучува процесот на приспособување и стабилизација, поврзување со семејството и подготовка за ресоцијализација (враќање во средината). Се прави процена на личните капацитети на жртвата, социјалната средина (семејната состојба и условите во потесното и во поширокото семејство), опкружувањето и локална заедница (образовни, здравствени и социјални институции, здруженија на граѓани и др.).

Во текот на целиот процес на спроведување на планот се следи напредокот на жртвата и во зависност од степенот на реализација и состојбата на жртвата тој може да подложи на ревидирање и ажурирање земајќи ги предвид новонастанатите и дополнителните потреби (Анекс 2).



## Приспособување и стабилизирање

Процесот на приспособување и стабилизација подразбира мултисекторски пристап и се спроведува со вклученост на водителот на случајот, одговорното лице од ЦСР/НМУ, надлежните органи, мобилен тим, здравствени и просветни работници, здруженија на граѓани, локална самоуправа и други чинители.

Овој процес трае подолг временски период односно 3 месеци, со можност да се продолжи за уште 3 или повеќе месеци, и е во функција на приспособување кон новата средина и ситуација како и надминување на тешкотиите со кои се соочила жртвата.

Во овој период, на жртвата ѝ се расположливи услуги што вклучуваат:

- пакет на потребни здравствени услуги и медицинска помош за унапредување на физичкото и менталното здравје;

- психо-социјална помош и поддршка со вклучена индивидуална психолошка помош, со цел надминување на траумата и враќање на самодовербата;

- можност за едукација/обуки за стекнување на знаења, вештини и занимања, редовно образование за деца, социо-едукативни активности и работно- окупациска терапија, кои се во насока на зголемување на чувството на независност и градење способност за менаџирање на времето;

- можност за контакти со семејството телефонски или лично (доколку семејството не е инволвирано во случајот), планирање посета на семејството додека е сместена во Центарот на одредено време, по претходно направена процена на безбедноста, со цел негување и зајакнување на врската со семејството;

- правна помош, планирање интервју, безбеден транспорт и сигурност кога оди во полиција или во обвинителство во насока на зголемување на чувството на правичност преку личен придонес во задоволување на правдата и казнување на сторителите;

- подготовка за реинтеграција и ресоцијализација во насока на успешно вклучување во општеството како еднаков граѓанин;

- поддршка на лица што имаат потреба да останат подолго во центарот и/или сакаат да се вратат дома по истекот на времето за приспособување и стабилизација.

За следење и процена на напредокот на жртвата во процесот на стабилизација, сите засегнати страни имаат редовни тимски состаноци. Од овие состаноци се подготвува извештај за напредокот на жртвата и таа се информира за исходот од процената на тимот.

# УСЛУГИ ЗА ЖРТВИ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## Медицинска помош

Здравјето на жртвите е од примарно значење во процесот на заштита. За сите потенцијални и идентификувани жртви се обезбедува пристап до медицинска помош, која вклучува редовни медицински прегледи за акутни и хронични состојби, лабораториски услуги и анализи, тестови за КОВИД–19, ХИВ/сида и хепатит, гинеколошки прегледи и интервенции, психијатриски прегледи и терапии, стоматолошки прегледи и интервенции, и други потребни услуги од здравствени установи. Прегледите може да се одвиваат во приватни и во државни здравствени установи, во зависност од тоа дали жртвата има здравствено осигурување и дали има термини за потребните прегледи.



Во рамките на тековните активности во центрите за жртви, стручните лица треба да спроведуваат работилници за здравствена едукација. Оваа едукација треба да биде насочена кон теми за сексуално преносливи болести, животни навики, лична хигиена, хронични болести итн., со што ќе се подигне нивото на грижа за себе и грижа за личното здравје кај жртвите.

## Специјализирана психо-социјална помош и советување

Траумите што ги преживеале, оставиле длабоки траги и сериозно го нарушиле менталното здравје на жртвите. Дополнително, нивните социјални врски се нарушени или прекинати. Оттука произлегува потребата за континуирана психо-социјална помош и советување за секоја потенцијална и жртва на трговија со луѓе.

Оваа поддршка вклучува различни видови третмани и сесии, групна терапија и индивидуално советување. Советувањето се препорачува да се одвива во континуитет, а во случај на потреба од итна и поинтензивна помош, се вклучува психотерапевт или психијатар во обезбедувањето поддршка и советување.

Лицата од стручниот тим за психо-социјална асистенција на жртвите треба да водат евиденција за секој засебен случај. Тие треба да спроведуваат директна советодавна и тераписка работа со жртвите, развиваат соработка со други организации и институции во однос на дадениот случај, да го следат процесот на рехабилитација, одржуваат контакти со Центрите за социјална работа и обезбедуваат поврзување со семејствата. Тимот воедно треба да посветува особено внимание на информирањето на жртвите и на нивното охрабрување за правото на користење на расположливите услуги обезбедени од државата. Тимот исто така треба да помага во остварување контакти со релевантни институции при вадење лични документи за жртвите.

## Правно советување

Трговијата со луѓе е кривично дело со кое се прекршуваат основните човекови права. Жртвите од трговија со луѓе имаат право на бесплатна правна помош во форма на советување и застапување во кривична постапка каде што тие се јавуваат како оштетени или сведоци.



Правното советување и застапувањето на жртвите од трговијата со луѓе е овозможено преку ангажирање адвокат со долгогодишно искуство во проблематиката и кој е запознаен со моменталните случувања и напори за справување со овој феномен во државата. Особено е важно да се нагласи психолошкиот момент во однос на процесот на сведочење. Оттука, важно е да се посвети особено внимание на подготовка на жртвите за судскиот процес. За одлуката да се соработува со правосудните и со органите на прогонот, големо влијание имаат стравот од соочување со обвинетите, стравот од контактите со судските органи и слични стравови. Често жртвите првично не сакаат да се соочат со овие стравови и одбиваат да соработуваат. Важно е да ѝ се објасни на жртвата кои се позитивните страни и кои се нејзините придобивки од учество во постапката.

Клучно за надминување на овие стравови се интензивни советувања од стручниот тим во Центарот и од адвокатот, кои дополнително ја придружуваат жртвата во текот на судскиот процес.

# Образование и дополнителна професионална квалификација

Во РСМ основното и средното образование се задолжителни и секое дете има право на бесплатно образование. Жртвата од трговија со луѓе, поради формата на експлоатација а во зависност од возраста, често е принудена да го напушти училиштето. Откако ќе биде идентификувана и згрижена, во фазата на процена на потребите се утврдува и се нотира нејзиниот степен на образование. Во индивидуалниот план за третман задолжително се инкорпорира и образованието, кое треба да продолжи од онаму од каде што жртвата направила прекин. Се разгледуваат сите можности за нејзино враќање во системот на формално образование.  Доколку возраста на жртвата ја надминува пропишаната возраст за редовно образованите, тогаш таа се упатува во училишта што овозможуваат вонредно образование. При враќање во образовниот систем, на жртвите им се дава поддршка во завршување на формалното образование. Тие активно се поттикнуваат да го комплетираат своето образование, а стручниот тим на Центарот преку различни активности им помага во совладување на зададениот материјал.



Дополнително, во периодот на адаптација и ресоцијализација препорачливо е организирање занаетчиски курсеви и други професионални програми за квалификација.

Овие дополнителни образовни програми се планираат и се спроведуваат во договор со жртвата, а врз основа на нејзините капацитети и интереси. Дополнителните активности за професионално образование на жртвите се организирани со цел зголемување на нивните знаења и способности, зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот, економско зајакнување на жртвите, градење на самодовербата и самопочитта.

Достапните обуки/услуги за жртвите се селектираат во зависност од нивните потреби и интереси, какви што се:

- Курсеви за занаетчиски вештини, работа со компјутери, изучување странски јазици и др.

- Обука за пишување биографија, пополнување пријави за работа, пишување мотивациско писмо, подготовка на документи, комуникација при интервју за работа.

- Обезбедување помош при барање работа и пристап до информации и услуги (како да се информираат за безбедни огласи за работа и други можности за вработување).

- Соработка со агенции и со институции за вработување.

# Вклучување на семејството/ повторно обединување

Здравите семејни врски и мрежи на поддршка се многу важни во процесот на закрепнување на жртвите. За да се одржат овие здрави семејни врски, се воспоставува контакт со членовите на семејството на жртвите и паралелно се работи и со нив. Во случај на отсуство на семејството, се вклучуваат други блиски лица, со што се создава можност за здрава врска. Врските се воспоставуваат преку центрите за социјална работа или, пак, директно доколку жртвата е полнолетна и инсистира на директен контакт. Семејството треба да се подготви да ја прифати жртвата и да ѝ даде поддршка.

Има случаи кога жртвата не може да се врати во своето семејство поради тоа што член на семејството бил вклучен во тргувањето со жртвата или, пак, семејството не сака да ја прими жртвата назад. Во овие случаи се бара алтернативно решение во зависност од возраста на жртвата. Доколку жртвата е полнолетна, самата може да одлучи каде ќе продолжи да живее по напуштање на центарот. Доколку жртвата е малолетно лице, се бараат блиски роднини или згрижувачки семејства што би можеле да ја прифатат жртвата. Се воспоставува контакт со семејствата преку центрите за социјална работа или здруженија на граѓани и советодавно се работи за прифаќање на жртвата и понатаму се работи на подготовка на семејството за прифаќање на жртвата.

# СЕСИЈА IV.

# РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА

Ресоцијализацијата се користи како термин во најширока смисла, кој претставува враќање на жртвата во општествената заедница и нејзината оспособеност да живее во склад со општественото живеење. Нормално и успешно да ги извршува општествените дејности, затоа што кај жртвата во процесот на социјализацијата и во текот на развојот и созревањето на личноста, дошло до појава на неадаптирано однесување поради различни неповолни фактори. Затоа постои потреба од нивна повторна дополнителна ресоцијализација.

Реинтеграцијата може да се разбере како дополнително обновување или дополнување на нештата што за поединецот било важно или им недостасувало, а што имало пресудно влијание за настанување на несаканата појава. Реинтеграцијата претставува сеопфатен процес, кој е насочен на оттргнување на причините за трговија со луѓе. Предизвиканите промени кај личноста, семејството и локалната заедница се главен предуслов за успешна реинтеграција. Доколку направиме промена само на едно ниво, на пример кај личноста, а не се следат промените на другите нивоа, голема е веројатноста жртвата повторно да биде во опасност и можноста за реинтеграција е многу потешка.



Ова е најважната разлика меѓу ресоцијализацијата и реинтеграцијата. Ресоцијализацијата инсистира на промени на ниво на поединец, а реинтеграцијата подразбира неопходна промена на сите нивоа.

Заедничка цел на ресоцијализацијата и на реинтеграцијата е да ја подготват жртвата на трговија со луѓе за повторна интеграција во средината и нејзино успешно вклучување во заедницата. Покрај заедничката цел, секој од овие процеси има и свои специфични карактеристики и се реализираат во различни периоди и во различни средини. Ресоцијализацијата има цел да ја рехабилитира жртвата и да ја подготви за успешна реинтеграција во поранешната или во нова заедница/средина и се спроведува за време на престојот на жртвата во ЦЖ/ПЦС, како и во средината во која жртвата се враќа по напуштањето на ЦЖ/ПЦС.

Жртвите што не престојуваат во ЦЖ, програмата за ресоцијализација

ја спроведуваат во местото на живеење. Периодот на ресоцијализација и реинтеграција е долготраен процес, кој завршува кога жртвата на трговија со луѓе потполно ќе се интегрира во средината и ќе стане активен член во општеството на економскиот, културниот, граѓанскиот и политичкиот живот, и во секојдневието ќе функционира градејќи стабилни релации со лицата од својата социјална мрежа, засновани на меѓусебна почит и разбирање.

Процесот на ресоцијализација вклучува услуги од областите: безбедно сместување-домување; психолошко советување; здравствена заштита; правна помош.

Процесот на реинтеграција вклучува услуги од области: превезување; безбедно враќање во семејството или во други алтернативни форми; социјална и детска заштита; образование и вработување.

# Подготовка за ресоцијализација и реинтеграција

Мерките за помош што се преземаат во процесот на ресоцијализација, вклучуваат услуги и активности за поддршка на жртвата за време на престојот во ЦЖ и во процесот на реинтеграција во заедницата или во семејството по нејзиното враќање.

За странски жртви, реализацијата на мерките за ресоцијализација се спроведуваат за време на престојот на жртвата во Прифатниот центар за странци. Ресоцијализацијата како и подготовката за реинтеграција почнува веднаш штом жртвата ќе се згрижи во Центарот за жртви или во Прифатен центар за странци, или непосредно по периодот на рефлексија. За странските жртви, процесот на ресоцијализација е достапен до нивното заминување, кога се даваат препораки за продолжување на овој процес по нивното враќање во земјата на потекло.

# Насоки за продолжување на реинтеграцијата

Домашната жртва се подготвува за активно вклучување во општественото живеење за време на целиот престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе односно пред да се врати во местото на живеење или во друго алтернативно безбедно сместување, каде што се планира нејзина интеграција. Се даваат препораки до средината каде што се враќа за нејзино прифаќање, доколку е дете вклучено во образовен процес се разговара со образовната институција за нејзината ранливост. Се оставаат контакти од надлежни институции, од здруженија на граѓани како постојано би се следела  интеграцијата на жртвата. Исто така и самата жртва има контакти за да може да исконтактира со институции или со здруженија на граѓани за потребна помош во донесување некоја важна одлука во нивниот живот, настанати одредени тешкотии во средината и сл.

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата се спроведуваат врз основа на постојни програми и индивидуални планови направени во соработка со жртвата, во согласност со потребите и способностите на секоја од нив одделно, практикувајќи: Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе и Програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе.

Во процесот на ресоцијализација и реинтеграција на дете, активно е вклучен и родител или старател или лицата од другите алтернативни форми на згрижување, како што се згрижувачко семејство и персонал од мали групни домови.

За странска жртва сместена во Прифатниот центар за странци, во подготовката за реинтеграција се вклучуваат и одговорните лица (социјален работник/психолог) од Прифатниот центар за странци, заедно со одговорното лице за случајот и во содејство со социјален работник и психолог или од ЦЖ (доколку била сместена во периодот на рефлексија). Одговорното лице за случајот е задолжено за жртвата од моментот на идентификација на жртвата, па сѐ до завршувањето на процесот на ресоцијализација и реинтеграција.

# План за ресоцијализација и реинтеграција

Плановите за ресоцијализација и реинтеграција се подготвуваат за секоја жртва посебно. Индивидуалниот план треба да се заснова на потребите, можностите и интересите на жртвата, а го подготвува одговорното лице во соработка со тимот за поддршка. Планот е флексибилен и по потреба може да се менува и да се дополнува. Планот се изготвува веднаш по направената процена на жртвата од страна на стручниот тим на ЦСР и здруженија на граѓани. Планот за ресоцијализација предвидува: психо-социјална поддршка; активности за стабилизирање и самозајакнување; правна помош; социјални активности; спортски активности или поддршка во креативно исполнување на слободното време.

Планот за реинтеграција предвидува: подготовка на средината (семејството, згрижувачко семејство, персоналот и децата од мал групен дом), за враќање/згрижување на жртвата; продолжување на образованието; обука за занимање; советување и помош при вработување.



За домашни жртви што не биле сместени во ЦЖ, планот за ресоцијализација се изработува веднаш по Процената на потребите на жртвата од страна на стручниот тим на надлежниот ЦСР.

За жртви сместени во ЦЖ, планот за ресоцијализација се изработува по нивното згрижување во ЦЖ во соработка со ЦСР, стручниот тим во Центарот и семејството, се прави планот за реинтеграција во заедницата, десет дена пред напуштањето на ЦЖ.

За странска жртва сместена во Прифатниот центар за странци, планот за ресоцијализација се изработува веднаш по нејзиното згрижување, од страна на одговорното лице, стручниот тим и социјален работник и психолог од Прифатниот центар за странци.

Во случај на дете странец-жртва на ТЛ, се воспоставуваат релации преку ТМУ контактите со земјата на потекло или преку други фор-

мални процедури, и важно е да се почне процесот на јурисдикција врз детето и да се направи план за негова ресоцијализација, кој се изготвува веднаш по неговото згрижување во ПЦС од одговорното лице, стручниот тим и психолог и социјален работник во ПЦС. Планот за ресоцијализација и реинтеграција за деца е задолжителен и се препорачува обезбедување долгорочни мерки и вклучување во образовни институции. Процесот на ресоцијализација е достапен до нивното заминување од ПЦС/ЦЖ, со препораки за продолжување на овој процес по нивното враќање во земјата на потекло.

Планот за ресоцијализација и реинтеграција треба да се развие заедно и со согласност со жртвата за добивање дополнителна помош. Доколку жртвата не сака да биде вклучена во Програма за ресоцијализација и реинтеграција, ќе ѝ бидат понудени информации за одредени институции и организации на кои може да им се обрати по потреба, дополнително.

Жртвата може да поднесе поплака до одговорното лице за случајот и да ги изнесе забелешките поврзани со квалитетот на понудените услуги, како и постапки. Приговорот може да се поднесе усно или во пишана форма. Доколку жртвата е незадоволна од одговорното лице, може да поднесе поплака до НМУ/или до Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Секој од давателите на услуги во улога на одговорно лице за случајот (доколку приговорот не е против него) е должен да ги испита наводите во поплаката во најкраток временски рок и да ја извести жртвата. Поднесувањето на поплаката, во ниту еден случај, не треба негативно да влијае врз давањето на услугите на жртвата.

# Безбедно враќање

Процесот на враќање треба да биде доброволен, достоинствен и сигурен и да опфаќа подготовка, превезување и прифаќање на жртвата во земјата на потекло или во трети земји. На жртвите треба да им се даде можност да се произнесат дали, кога и како би сакале да се вратат дома.

За домашни жртви на трговија со луѓе, државјани, надлежни за враќањето се НМУ/ЦСР, во соработка и координација со ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ при МВР, Мобилни тимови и ЗЖ.

Можности за враќање се во семејството, во згрижувачко семејство доколку станува збор за дете, други алтернативни сместувања како мали групни домови. Самото враќање се одвива преку преземање на лицето од Центарот за жртви од овластено лице, кое го пренесува и го предава до потребната локација на лице што треба да го преземе, а кое е предвидено со претходно направениот план. Превезувањето на жртвата од ЦЖ до местото на живеење, треба да биде безбедно и сигурно за жртвата.

За жртви странски државјани се користи Транснационален механизам за упатување, доколку постои во земјите на потекло или преку официјални форми на комуникација. Надлежни органи од институциите се МВР/ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ, МТСП/НМУ/ЦСР (во случај на деца) и МНР; во одредени случаи во процесот на враќање се вклучуваат и меѓународни организации и здруженија на граѓани.

Превезувањето на жртвата од ПЦС/ЦЖ до местото на живеење, односно до земјата на потекло, треба да биде безбедно и сигурно за жртвата.

Дете странец не смее да се врати во земјата на потекло или во трета држава, која е согласна да го прифати, додека во таа држава не се направи процена на семејството или на институцијата што би го прифатила и додека не се обезбедат соодветни услови за негово прифаќање. До обезбедувањето соодветни услови, детето треба да остане на територијата на Република Северна Македонија.

Жртвата сама донесува информирана одлука за нејзиното враќање. Во донесувањето на одлуката може да се консултира со надлежни институции и здружение на граѓани.

За враќање на дете странец, надлежен е ЦСР во соработка со ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ при МВР.

# Оценување ризици и можности за социјално вклучување

Процената на ризикот и безбедноста пред враќањето е од битно значење заради обезбедување сигурност на жртвата и на нејзиното семејство. Таа се прави веднаш откако жртвата ќе одлучи да се врати дома.

Процена за безбедно враќање врши одговорното лице за случајот, врз основа на информациите добиени од: жртвата; НМУ/ЦСР при МТСП, Мобилни тимови и ЕТЛКМ/НЕСКМТЛ при МВР; одговорните лица од ТМУ од земјата на потекло доколку има или други воспоставени официјални контакти; Центарот за жртви; Министерство за надворешни работи – дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП од земјата на потекло од која потекнува странската жртва и ДКП на РСМ за домашни жртви идентификувани во странство); меѓународни организации. Направената процена се доставува до одговорното лице на случајот, кое ја информира жртвата за резултатите.

Детето не смее да биде вратено ако неговото враќање е во спротивност со Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за статусот на бегалците и Протоколот и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи

# Развивање план за управување со ризик

Врз основа на направена процена на ризикот и безбедноста, како и процена за социјално вклучување на жртвата, се развива план за управување со ризик, со цел ризикот да се сведе на минимум и со него полесно да се управува.

Процена на ризикот при социјалното вклучување за дете се прави во консултација со родител или старател. Соработката меѓу одговорните лица во Република Северна Македонија и надлежните институции/организации во земјата на потекло се одвива во согласност со постојните закони, со цел да се обезбеди квалитетна и ефикасна размена на информации пред враќањето на детето.

***Начела на заштита на жртвите на трговијата со луѓе***

***Информирана согласност*** – право на жртвата за целосна и точна информација околу интеграцијата и помошта за да даде согласност за планираната поддршка;

***Доверливост*** – податоците за жртвата мора да се чуваат строго во контекст на интеграцијата;

***Анонимност*** – сите информации се споделуваат исклучиво анонимно за да се спречи јавно препознавање на жртвата на трговија со луѓе како таква;

***Политика за приватност*** – жртвите на трговија со луѓе имаат право на приватност и слобода на мислење и одлучување во сите фази на интеграција;

***Недискриминација*** – кон лицата жртви на трговијата со луѓе не треба да се постапува со негативна валидација на нивното искуство;

***Безбедност и сигурност*** на жртвата е најважната работа при интегрирањето и мора да биде добро проценета;

***Чувствителност*** – односот на почитување и разбирање кон жртвата за време на интеграцијата;

***Зајакнување*** – жртвата на трговијата со луѓе треба да се подучи со вештини и да ѝ се помогне да развие способности што ќе ја зајакнат и ќе ја унапредат нејзината самодоверба;

***Учество*** – жртвата на трговија со луѓе доброволно да учествува во процесот на интеграција и во индивидуалниот план за интеграција и секогаш кога тоа е можно, во процесот на креирање, примена, следење и процена на услугите, програмите и политиките за интеграција;

***Заштита на личните податоци*** во согласност со националните и со меѓународните механизми и правни стандарди;

***Заштита на децата и „најдобриот интерес на детето“*** – програмите и политиките за интеграција треба обезбедат заштита на децата жртви на трговија со луѓе, а нивните најдобри интереси да бидат примарна грижа.

Почитувањето на етичките начела во работата со жртви на трговија со луѓе е обврска на секој човек што е во контакт со жртвата и првенствено се однесува на начинот на комуникација со жртвата, чувствителноста за потребите на жртвата и почитување на нејзините човекови права.

# СЕСИЈА V.

# СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

*Елена на 26-годишна возраст од Косово, сама се пријавила во полициска станица, каде што веднаш ѝ е издадено Решение за привремено задржување на странец и е сместена во ПЦС, со образложение дека постојат основи за сомневање дека е жртва на трговија со луѓе. Полициски службеник веднаш ја однесол во ЈЗУ Општа болница на одделението за акушерство и гинекологија за гинеколошки преглед, поради наводно силување. Пред два месеца, Елена од Косово била нелегално донесена во Шутка, Скопје, а потоа за 250 евра била продадена на машко лице за сексуални услуги. Елена изјавува дека во текот на еден и пол месец, речиси секој ден, машкото лице имало сексуални односи со неа против нејзина волја, а понекогаш носело и свои пријатели на кои требало да им дава сексуални услуги. Секогаш кога одбивала да има односи со него, била физички малтретирана со боксови, а таа притоа не давала отпор. По два месеца, во раните утрински часови успеала да ја извести полицијата преку мобилниот телефон, по што е преземена од полицијата. По направените прегледи, сместена е во ПЦС каде што останува три дена и е префрлена во Центарот за жртви на трговија со луѓе од страна на Националната единица за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.*



Идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе, нивната заштита и обезбедување помош и поддршка, бара редовна соработка и координација со релевантните организации и институции вклучени во спречувањето на трговијата со луѓе во Република Северна Македонија. Соработката првенствено е насочена кон соодветно упатување, обезбедување услуги, реинтеграција и ресоцијализација на жртвите од трговијата со луѓе.

Постојат повеќе механизми и тела што работат на прашањето на трговија со луѓе со различни мандати и нивоа на постапување, односно Министерството за внатрешни работи (МВР), Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за правда (МП), Министерството за надворешни работи (МНР), Министерството за здравство (МЗ), Министерството за образование и наука (МОН), Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК).

Со цел координирање и зголемување на ефикасноста во постапувањето, воспоставени се и низа специјализирани механизми какви што се: Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и работните тела што работат во нејзин состав, Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со луѓе, Национален механизам за упатување, Локални комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Национална единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти (НЕСКМТЛ[23])/Единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти (ЕТЛКМ), Прифатен центар за странци на МВР, привремените транзитни центи (Винојуг и Табановце) и Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство.

## Националната комисија

Во март 2001 година Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за формирање **Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Северна Македонија**. Како што наведува веб-страницата на Комисијата, нејзини главни цели се: 1) да ја следи и да ја анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, 2) да ги координира активностите на надлежните институции и 3) да соработува со меѓународни и со невладини организации вклучени во решавањето проблеми од областа на трговијата со луѓе. Комисијата има интеринституционален состав, а во нејзината работа се вклучени членови од Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за надворешни работи, Министерство за правда, Јавното обвинителство и од судството. Во 2003 година, со цел поефикасно извршување на активностите на Комисијата, формиран е **Секретаријат на Комисијата** како и **Подгрупа за борба против трговија со деца**. Нивната задача е да ги извршуваат одлуките на Комисијата и активно да ја координираат соработката со меѓународните и со невладините организации кои се вклучени во борбата против трговија со луѓе.



[23] На 39-тата седница одржана на 17.11.2017 година, е формирана врз основа на одлука на Владата и склучен Меморандум за соработка помеѓу Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција (ОЈОКК) и МВР.

## Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ)

Основата на механизмите за борбата против трговијата со луѓе е **Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ)**, кој е основан во 2005 година со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а кој работи под покровителство на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија. Мандатот на Националниот механизам за упатување е да обезбеди соодветна идентификација, помош и заштита, засновани врз меѓународните стандарди за човекови права за жртви на трговија со луѓе, особено малолетни лица без оглед на националноста, етничката припадност, возраста или полот. Во рамките на Националниот механизам за упатување функционира Координативна канцеларија, во чија работа учествуваат професионалци од 30 центри за социјална работа и еден претставник од Заводот за социјални дејности. Во процесот на упатување и помош на жртвите на трговија со луќе е воспоставена блиска соработка со претставници на здруженија на граќани што се активни во предметната област и други засегнати страни.



## Центрите за социјална работа

Системот на социјална заштита игра клучна улога во поддршката на жртвите особено децата жртви. Центарот за социјална работа има мандат и обврска да донесува одлуки за најдобриот интерес на детето и нив да ги спроведува користејќи ги сите достапни ресурси за поддршка во заедницата.

## Мобилни тимови

Дополнително, за да се подобри идентификацијата на локално ниво, Министерството за труд и социјална политика формираше **мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе**. Мобилните тимови се формираа во пет града (Скопје, Битола, Гевгелија, Тетово и Куманово), а се составени од членови на НЕСКМТЛ, социјални работници и од претставници на невладиниот сектор. Предвидено е тие проактивно да дејствуваат на терен во повеќе општини, да бидат вклучени во процесот на директна идентификација, да бидат првичниот контакт со ранливите категории и со жртвите на трговија со луѓе, да ги упатуваат жртвите кон релевантните институции, да

вршат утврдување на идентитетот и рана процена на ризикот, да даваат информации за помошта, да даваат правна помош и сл.

## Министерството за внатрешни работи

Полицијата е клучен партнер во идентификување на жртвите и активен соработник во заштитата на правата на жртвите, ги спроведува процедурите за идентификација, постапува според наредбата на обвинителот и ја обезбедува безбедноста на жртвата. Во рамките на полицијата постојат организациски единици **за превенција** на трговијата со луѓе во секторите за внатрешни работи (СВР). При постапување на полицијата се користат и се почитуваат постапката и правилата предвидени со законите и со интерниот СОП.

## Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ).



Во 2018 година, со цел да се подобрат капацитетите на институциите за справување со феноменот на трговијата со луѓе, беше формирана **Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ)**. Со оваа единица раководи јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Во нејзиниот состав влегуваат 32 постојани членови, од кои 16 на централно ниво и 12 инспектори, како и 16 на локално ниво по двајца во секој СВР и 21 контакт лице, кои се ангажираат повремено во случај кога треба да се извршат полициски овластувања за кои не треба да се знае дека потекнуваат од единицата како задачи.

## Јавното обвинителство и судот

Спроведува кривично гонење и казнување на сторителите, изрекува заштитни мерки за жртвата, одлучува за надоместокот на штетата. Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција обезбедува помош и поддршка на жртвите преку обезбедување на советување и застапување на жртвите од бесплатен полномошник и преку обезбедување процесна заштита на жртвите во текот на целата постапка.

Судовите со пресудата за вината, одлучуваат и за барањето на жртвата за надоместок на штета во случаите кога жртвата лично или преку полномошник предјавила имотноправно побарување во текот на кривичната постапка.

## Установи на социјалната заштита и привремен престој

Установи на социјалната заштита и привремен престој нудат и обезбедуваат услуги и програми за поддршка, даваат сместување и храна, нудат можности за социјално вклучување и за други видови поддршка што ѝ е потребна на жртвата особено ако е дете.

## Центар за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство

Потенцијалните и жртвите на трговија со луѓе се сместуваат во Центар за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство. Објект во кој се обезбедува привремено сместување на жртвите на трговија со луѓе и странци со дозвола за привремен престој каде што се задоволуваат нивните основни потреби, обезбедување психосоцијална помош и поддршка на потенцијални и/или жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство за нивно успешно интегрирање во општеството. Просторот е адаптиран да се користи како замена на семеен дом. Вкупниот капацитет на сместување е за 7 лица. Обезбедена е 24–часовна сменска работа на стручни лица.

## Прифатен центар за странци

Прифатниот центар за странци е во сопственост на Владата на Република Северна Македонија, а управуван од Министерството за внатрешни работи Сектор за гранични работи и миграција. Во него се сместуваат странските државјани (идентификувани и претпоставени) жртви на трговија со луѓе и илегални мигранти откриени на територијата на Република Северна Македонија, со нерегулиран престој во државата. Центарот е со физичко 24–часовно полициско обезбедување, како и со систем за видеонадзор.

## Министерство за образование и наука

Основните обврски на образовните институции и на училиштата се во областа превенција, откривање и упатување на потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Имаат улога во прелиминарна идентификација на ученици потенцијални жртви на трговија со деца. Соработува со институциите и со органите надлежни за идентификација и поддршка на жртвите на трговија со луѓе какви што се Центарот за социјална работа и полицијата. Исто така, овозможува обезбедување поддршка на детето во училиштето, вклучување во образовниот процес, доколку тоа го прекинало школувањето, и ја поддржува неговата интеграција во системот на образование.

## Трудовиот инспекторат

Спроведува инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи за работни односи, вработување и заштита при работа, на колективните договори, договорите за работа и другите акти, со кои се уредуваат и се остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на работодавачите во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа.



## Невладини организации

Учествуваат во идентификација, обезбедуваат поддршка и главно се борат за заштита на човековите права на жртвите и за унапредување на Националниот механизам за упатување.

## Меѓународни организации

Во зависност од својот делокруг: контрола на работата на државата во заштита на човекови права и гонење на сторителот, поддршка, едукација.

## Други професионалци и соработници

Психотерапевти, адвокати, помагачи, волонтери и други пружаат специфични или општи видови поддршка во рамките на координацијата на поддршката за жртвата.

## Национален известувач за трговијата со луѓе

Воспоставен е независен Национален известувач за трговијата со луѓе или еквивалентна функција и лице назначено на таа функција во 2019 година. Известувачот е одговорен да врши мониторинг на севкупните активности за борба против трговија со луѓе и миграција, собирање и анализа на податоци од релевантни партнери, носење заклучоци и давање препораки за подобрување и усовршување на борбата против трговијата со луѓе и илегална миграција, со цел спроведување политика за подобар институционален одговор и препораки за стратешките цели и изработка на годишен извештај. Поконкретно, работните задачи на известувачот се: собирање и анализа на податоци, квалитативни и квантитативни информации од релевантни партнери, вршење мониторинг и евалуација на спроведените активности по Националниот акциски план, учество во работата на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, донесување заклучоци и давање препораки што се однесуваат на подобрување и усовршување на заложбите во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција во однос на спроведувањето на законите, политиките за подобар институционален одговор и препораки за ревизија на стратешки цели, иницирање и предлагање ставови по прашањата за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, комуникација и соработка со институции и организации што се вклучени во борбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, изготвување годишен извештај.

# Анекс 1.[24]

# ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ЖРТВАТА



[24] Стр.40, СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе, 2018

| **КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ** | |
|---|---|
| **I. ПОДАТОЦИ ЗА СЛУЧАЈОТ** | |
| 1. Име и презиме и/или број на досие за случајот | |
| 2. Земја на потекло | |
| 3. Јазик | |
| ОСНОВНИ ПОТРЕБИ | |
| 1. Сместување | |
| 2. Храна | |
| 3 .Лекови | |
| 4. Комуницирање со семејство | |
| **II. ПОТРЕБА ЗА ТРЕТМАН** | |
| 1. Моментална загриженост за личната сигурност | |
| 2. Поединци кои на лицето може да му создадат проблеми | |
| 3. Загриженост за членови на семејството или блиски лица | |
| 4. Локации што не се безбедни лицето да оди или да ги посети | |
| 5. Дали лицето е следено во одреден временски период и во кој/од кого? | |
| **III. ЗДРАВСТВЕНИ ПОТРЕБИ** | |
| 1 Задолжителен здравствен преглед | |
| **IV. ПРЕГЛЕДИ ПО ПОТРЕБА:** | |
| Форензички преглед | |
| Крвна слика, микробиолошки прегледи | |
| Инфективни болести | |
| Гинеколошки преглед | |
| Стоматолошки услуги | |
| Психолошки и психички проблеми | |
| Високоризични состојби (срцеви заболувања, епилепсија, астма) | |
| Пречки во развојот | |

# Анекс 2.

## ИНДИВИДУАЛЕН ПЛАН за корисник жртва на трговија со луѓе

| **ИНДИВИДУАЛЕН ПЛАН за корисник жртва на трговија со луѓе** | |
|---|---|
| **I. ПЛАН НА ТРЕТМАН** | |
| 1. Име Презиме | |
| 2. ЕМБГ | |
| а) адреса на постојано живеалиште: | |
| б) моментално престојувалиште: | |
| 3. ВИД НА КОРИСНИК | |
| 3.1 Вид на корисник | |
| 3.2 Изложеност на социјален ризик | |
| 4. ПОТРЕБА ЗА ТРЕТМАН | |
| 5. Наведете ги потеницјалите: | |
| На личноста: | |
| На семејството: | |
| На локална заедница: | |
| 6. Цел на третманот: | |
| 7. Потреби за интервенција во ЦЖ | |
| **II ПОТРЕБИ ЗА ТРЕТМАН** | |
| 1. Обврски на стручен тим | |
| Социјален работник: | |
| Психолог: | |
| Педагог: | |
| 2. Обврски на корисникот: | |
| 3. Обврски на други институции: ЦСР, МВР, НМУ | |
| Реализација на планот и програмата за третман: | |
| Корисник: | |
| Стручни лица од Центарот: | |
| Стручни лица од ЈУМЦСР Скопје: | |

